51519



МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

# Континуирано работење на одделот за едукација

*За што поуспешно дејствување и дизајнирање на општата култура на младите, Одделот за едукација во МСУ работи со програма и проекти кои динамично ги ангажираат учесниците во сите случувања и движења во уметноста и културата*

Со започнувањe на новата училишна година, Одделот за едукација при МСУ (Музеј на современата уметност) ја продолжува својата активност, преку планирана работа со деца и младинци што ја изведува кустос, со посебна изготвена програма. За што поуспешно дејствување и дизајнирање на општата култура на младите, Одделот за едукација во МСУ работи со програма и проекти кои динамично ги ангажираат учесниците во сите случувања и движења во уметноста и културата. Со оглед на фактот дека современата уметност е специфична и има посебна тежина во обработувањето, одделот има разработено програма за работа со најразлични возрасти. Опфатени се децата од предучилишна возраст, основно и средно образование, студенти, возрасни посетители и деца и млади со посебни потреби.



Програмата на одделот на реализирана преку едукативно-дидактички изложби на одредена тема, со дела од постојана поставка на музејот (Поп-Арт, Цртеж, Керамика, Таписерија, Скулптура и др), доведување на гости-уметници, предавања, изготвување на ревии, концерти, креативно творење и практично работење.

Во рамки на активностите врзани со предавањата, се анимираат гости; историчари на уметноста, кореографи, модни дизајнери и сл., после кое ќе се печати книга наменета за младите и студентите, но и за сите заинтересирани.

Практичното работење се одвива во простор т.н. Практикум, кој е пријатно место за посета и работа и располага со сите технички средства и потрошен материјал, потребен за работа на учесниците.

Раководителот на Одделот за едукација, Елизабета Јанковска, ни истакна дека младите кои земаат учество во проектите, за прв пат се среќаваат со едукација која се разликува од работата во училиштата.



- На почетокот учесниците се повлекуваат во себе, не можат да се снајдат во опуштениот начин на разговор и работа во МСУ, каде се ставени во центарот на вниманието како субјекти кои одлучуваат и креираат. Но, со стручно насочување и поттик кон нивно ослободување за реализација на идејата, се постигнува целта, да учествуваат дека музејот е создаден токму за нив, дека програмата за работа е прилагодена токму на нивните потреби за целосно искажување на идеите и пораките.

Едукацијата на заинтересираните се одвива во групи, а реализацијата на програмата, прилагодени за секоја возраст, траат и по неколку месеци, во неколку фази. На крајот, работата на учесниците се презентира во изложбените простори на МСУ проследена со каталог специјално приготвен за таа прилика. А. ГЕОРГИЕВСКИ